**М-р Магдалена Илиевска**[1]

# ПРИНЦИПОТ *NON BIS IN IDEM* КАКО КЛУЧЕН ПОСТУЛАТ НА КАЗНЕНОТО ПРАВО – КОНЦЕПТУАЛЕН И КРИТИЧКИ ОСВРТ

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.211(497.7)**
**УДК 343.211(100)**

**Апстракт**

Принципот *non bis in idem* е фундаментална гаранција во казненото право што спречува повторно гонење или казнување за исто кривично дело, обезбедувајќи правна сигурност и заштита на човековите права. Во овој труд е презентирана анализа на неговата улога во националните и меѓународните правни рамки, со разгледување на законските извори и релевантната судска практика. Особено се истакнуваат предизвиците поврзани со комплексни и меѓународните постапки, како и потребата од усогласување на законодавството и ефективна примена на принципот. Трудот ја нагласува неговата значајна улога како инструмент за фер судење, стабилен правен поредок и заштита на индивидуалните права во современото казненоправно опкружување.

**Клучни зборови:** *non bis in idem*, казнено право, двојно гонење, правна сигурност, правна заштита.

## Вовед

Принципот *non bis in idem* претставува фундаментална вредност во современото право, која го изразува основното барање за правна сигурност и заштита од неправедно повторно гонење за исто кривично дело.[2] Неговата историска основа се наоѓа во Римското право, каде што овој принцип бил формулиран како начин за спречување злоупотреба на

---

[1] Магистер по правни науки од областа на казненото право, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

[2] *Устав на Република Северна Македонија* („Службен весник на РСМ" 52/91, 91/01, 107/09, 110/19).

правната моќ и обезбедување правна стабилност за поединецот. Ваквата традиција била пренесена низ вековите, развивајќи се во основна норма во европските и светските правни системи, при што денес *non bis in idem* е вграден во уставите, казнените закони и многубројни меѓународни инструменти за заштита на човековите права, како што се Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.[3] Примената на принципот *non bis in idem* добива особено значење во услови на интензивирана меѓународна соработка во казненото право, пораст на транснационалниот криминал и паралелно постоење на различни видови постапки (казнени, прекршочни, административни), што создава комплексни правни и практични предизвици.[4] Глобалната соработка во борбата против криминалот сè почесто резултира со паралелни или последователни постапки во различни правни јурисдикции за исти или суштински слични дејства, со што во прашање се доведуваат практичната примена и заштитната функција на принципот *non bis in idem*.

Истовремено, постојат значајни разлики во начинот на кој различни правни системи го толкуваат и го применуваат принципот.[5] Некои системи го разбираат на потесен начин, ограничувајќи го само на строго казнената сфера, додека, пак, други признаваат поширока примена, вклучително и за административни санкции со казнен карактер. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и Европскиот суд на правдата (ECJ) имаат развиено богата судска практика во оваа област, обидувајќи се да воспостават унифицирани критериуми за неговата примена, но често со различни приоди, што доведува до дополнителни правни дилеми.

Особено значаен е моментот кога се водат паралелни или последователни постапки врз основа на истите фактички околности, но со различна правна квалификација или пред различни надлежни органи. Прашањето во однос на тоа дали таквите постапки го прекршуваат принципот *non bis in idem* не добива еднозначен одговор и останува предмет на постојана дебата, како во теоријата, така и во практиката.[6]

Со оглед на актуелноста и комплексноста на ова прашање, целта на овој труд е сеопфатен, концептуален и критички осврт на принципот *non bis in idem* преку анализа на неговата историска еволуција, теоретска основа, правна природа и практична примена.

---

[3] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2016). *Македонско кривично право: Општ дел.*
[4] *Закон за кривична постапка*, „Службен весник на РСМ“ бр. 150/2010.
[5] Камбовски, В. (2005). *Правда и внатрешни работи на Европската Унија.*
[6] Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ Димоски, Д. (2015). *Казнено процесно право.*

Анализата на релевантните национални и меѓународни правни извори и судската практика ги открива комплексноста и главните предизвици при примената на принципот *non bis in idem*, особено во меѓународните односи, што укажува на потреба од унапредување на законската регулатива и практичната примена за подобрување на правната сигурност и заштитата на човековите права. Ова ја нагласува важноста од приспособувањето на правните механизми за да се обезбеди доследна примена на принципот и заштита на правата на поединецот во услови на глобализација.

## 1. Теоретска рамка на принципот *non bis in idem*

Принципот *non bis in idem*, кој потекнува од Римското право, претставува една од основните гаранции против злоупотреба на државната казнена моќ.[7] Во буквален превод од латински, изразот значи „не двапати за истото“, што го отсликува неговото суштинско значење – забрана на повторно гонење или казнување едно лице за исто кривично дело за кое веќе постои правосилна и извршна одлука. Овој принцип подразбира дека по донесувањето пресуда, без оглед на тоа дали станува збор за ослободителна или осудителна одлука, државата нема право повторно да поведе постапка за истите фактички околности против истото лице.

Суштината на принципот се заснова врз идејата дека правосудниот систем треба да биде ефикасен, праведен и предвидлив. Повторното гонење за исто дело не само што би претставувало прекумерна репресија, туку би го нарушило начелото на правна сигурност и би довело до несразмерен товар врз обвинетото лице. Како таков, принципот *non bis in idem* претставува и инструмент за заштита на човековите права, кој овозможува поединецот да не биде изложен на произволност и правна несигурност.[8]

Од практична перспектива, примената на овој принцип подразбира исполнување три клучни услови:

1. Постоење на претходна правосилна одлука (*res iudicata*);
2. Идентичност на лицето;

[7] Камбовски, В. (2011). *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија.*
[8] European Union Agency for Criminal Justice Cooperation. (2024). *Case law by the Court of Justice of the European Union on the Principle of non bis in idem in Criminal Matters.*

3. Идентичност на дејството, без оглед на правната квалификација.[9]

Судската практика, особено на Европскиот суд за човекови права, го афирмира толкувањето дека она што е од суштинско значење е фактичката подлога на делото, а не правната формулација или класификација.[10] Целта на овој пристап е да ја зајакне заштитната функција на принципот и да го спречи неговото заобиколување преку формалистички интерпретации.

## 2. Правна природа на принципот

Принципот *non bis in idem* е интегрален дел од широкиот концепт на владеење на правото и претставува структурна компонента на гаранциите за фер судење. Тој е тесно поврзан со начелата на *res iudicata* (правосилност на одлуката), *ne bis poena* (забрана на двојно казнување), како и со забраната за произволно мешање во животот и слободата на поединецот.

Од правна гледна точка, овој принцип се јавува како процесна и материјална гаранција:

- како процесна гаранција, тој обезбедува дека лицето нема да биде предмет на повеќекратни судски постапки за истото дело, што ги спречува повторната виктимизација и психолошкиот притисок врз обвинетиот;

- како материјална гаранција, тој гарантира дека нема да биде изречена повеќе од една казна за истото прекршување на казнената норма.

Овој принцип, исто така, дејствува како контрола врз моќта на обвинителството и судските органи, поставувајќи граници на повторното процесирање и обезбедувајќи стабилност на судските одлуки. Тој ги штити и интересите на правдата, имајќи предвид дека повторно гонење за исто дело би можело да се сфати како обид на државата да ја „исправи“ одлуката на судот, што е спротивно на концептот на правна извесност и конечност на постапките.

Дополнително, принципот *non bis in idem* има и етичка димензија – тој подразбира

---

[9] Besong, M. A. (2024). *Exploring the Non Bis in Idem principle: Material scope and application in EU law.* World Journal of Advanced Research and Reviews.

[10] Tubić, B., & Radojčić, S. (2022). *Teorijski i praktični aspekti primene načela ne bis in idem u pravu Evropske unije.* Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu.

дека државата не смее бескрајно да го изложува поединецот на кривичноправна одговорност, туку мора да ги почитува резултатите од еднаш завршена постапка, без оглед на тоа дали пресудата е поволна или неповолна за обвинетиот.

### 3. Судски пристапи кон толкувањето и примената на принципот *non bis in idem*

Судската практика има клучна улога во утврдувањето на границите и критериумите на примената на принципот *non bis in idem*, особено во комплексни случаи со преклопувања на правните режими, паралелни постапки или меѓународен елемент. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и Европскиот суд на правдата (ЕСП) ја обликуваат оваа практика преку резолуции што поставуваат стандарди за тоа кога се смета дека е повреден овој принцип. На пример, во случајот *Sergey Zolotukhin v. Russia* (Grand Chamber, 10 февруари 2009 г.)[11], Судот одлучил дека лицето било предмет на административна санкција (три дена притвор) за „нарушување на јавниот ред" и подоцна било кривично гонето за дејства што според фактичката подлога се идентични, и во тоа ја препознал повредата на членот 4 од протоколот 7 на ЕКЧП (правото да не се суди или казни двапати).[12] Во одлуката *Leopold Henri Van Esbroeck v. Openbaar Ministerie* (C-436/04, ECJ, 9 март 2006 г.), Судот го проширил концептот на *non bis in idem* во рамките на Шенгенскиот режим, утврдувајќи дека критериум за забрана на двојно гонење не е само формалната правна квалификација, туку идентичноста на материјалните факти („истите акти"), односно дека државите членки треба да имаат меѓусебна доверба во системите на кривична правда и да признаваат пресуди на другите држави, дури и ако резултатите би се разликувале според националното право.[13] Овие пресуди ги демонстрираат два парадигматски пристапа: ЕСЧП со акцент на фактичката идентичност како заштитна бариера против заобиколување на *non bis in idem* и ЕСП со интегриран пристап во рамките на европската соработка, при што се признаваат меѓудржавни ефекти на пресудите и се преиспитува прашањето за правна квалификација.

### 4. Предизвици и дилеми во примената на принципот *non bis in idem*

---

[11] Nikolić, V. (2024). *Načelo non bis in idem i odluke javnog tužioca*. Crimen.
[12] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-91222%22]}.
[13] https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&num=C-436/04.

Иако принципот *non bis in idem* има цврста теоретска основа и е широко признаен како дел од основните човекови права, неговата практична примена во современите услови носи значајни предизвици и дилеми. Главниот проблем произлегува од комплексноста на казнените постапки, кои често се водат во повеќе држави или пред различни судски и административни тела, со што се отвора прашањето за опфатноста и рамката на принципот. Во глобализираниот свет, каде што кривичните дела може да имаат прекугранichен карактер, важноста на заштитата од двојно гонење е повисока од кога било, но истовремено постои ризик од различна примена на овој принцип во различни правни системи. На пример, различни критериуми за утврдување на идентитетот на делото, разликите во дефинирањето на кривичните дела и санкциите, како и разликите во процедурите и правните последици може да доведат до парадоксални ситуации каде што лицето може да биде гонето во една земја, а потоа и во друга за истите факти.

Другиот аспект на предизвиците се однесува на прашањето за обемот на принципот, односно дали тој се применува само во рамките на националниот правен систем или и во меѓународната и европската рамка. Додека Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд за правдата имаат дадено одредени насоки и критериуми, постојат значителни разлики во толкувањето и во примената, особено во случаи кога во игра се две различни судски власти што ги применуваат различните законски норми. Ова се одразува и на практичната имплементација во националните системи, каде што понекогаш недостигаат усогласеност и координација, што може да резултира со повреда на правата на обвинетите.

Исто така, се појавуваат дилеми околу примената на принципот во сложени случаи кога станува збор за постапки што се во кривичен и административен домен, како што се санкциите од административен карактер што имаат казнена природа. Прашањето дали и како овие постапки го активираат принципот *non bis in idem* е предмет на дебати и различни судски толкувања, што дополнително ја отежнува доследната примена на оваа гаранција.

Затоа, се поставува јасна потреба за понатамошна хармонизација на законските решенија и усогласување на судската практика, како и за развој на механизми за меѓународна соработка и размена на информации, со цел да се овозможи ефективна заштита на правото на фер и правично судење и да се спречи повреда на принципот *non bis in idem* во реални казнени постапки.

## 5. Влијанието на домашното и меѓународното право врз развојот на принципот *non bis in idem*

Принципот *non bis in idem* има своја цврста основа во правните системи ширум светот, каде што неговото влијание се огледува преку националните законодавства, како и во меѓународните и регионалните договори.[14] Развојот на овој принцип е резултат на долготрајна еволуција што ја истакнува важноста на заштитата од двојно гонење како суштинска компонента на правната сигурност и човековите права. Во оваа смисла, домашното и меѓународното право функционираат во симбиоза, при што секое од нив придонесува за усовршување и јасно дефинирање на неговите содржина и опфат.

Од национален аспект, принципот *non bis in idem* најчесто е вграден во уставите, казнените закони и законите за судска постапка, кои утврдуваат забрана за повторно гонење или казнување за истото дело. Овие законски решенија обезбедуваат рамка што го штити правото на лицето на фер судење, спречувајќи злоупотреба на процесната моќ и гарантирајќи сигурност и стабилност во правните односи. Меѓутоа, имплементацијата во националните системи понекогаш се соочува со предизвици, особено кога станува збор за комплексни случаи со транснационален карактер, каде што националните одредби може да бидат недоволни или несинхронизирани со меѓународните стандарди.

На меѓународно ниво, влијанието на принципот *non bis in idem* е инкорпорирано во многубројни релевантни документи и договори, како што се Европската конвенција за човекови права (протокол 7, член 4),[15] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 14) и правото на Европската Унија. Овие меѓународни акти создаваат унифицирани стандарди што треба да ги следат државите членки, овозможувајќи координација и усогласување во справувањето со кривичните дела што го надминуваат националниот опфат. Особено значајна е улогата на меѓународните судови и тела, како што се Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата, кои преку своите одлуки поставуваат прецизни критериуми за примената на принципот и го штитат од повреди.

Влијанието на домашното и меѓународното право врз развојот на принципот *non bis in idem* се манифестира и преку процесите на хармонизација на законодавствата и развојот

---

[14] https://www.coe.int/mk/web/compass/the-international-covenant-on-civil-and-political-rights.

[15] https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD.

на меѓународната соработка во областа на кривичното право. Со оглед на сè поголемата потреба од борба против прекуграничниот криминал, вклучувајќи тероризам, организиран криминал и корупција, важноста на доследната примена на овој принцип станува критична. Ова подразбира не само меѓусебно признавање на пресудите, туку и размена на информации и координација помеѓу правосудните органи во различни држави.

Сепак, и покрај постоењето на јасни меѓународни и национални правила, сè уште постојат предизвици во практичната примена, особено кога се соочуваме со различни толкувања и правни конструкции во различни правни системи.[16] Затоа, континуираните дијалог и соработка помеѓу законодавците, судиите и правните експерти се неопходни за понатамошно унапредување и ефективна примена на принципот *non bis in idem*, како гарант за правната сигурност и човековите права во современото казнено право.

**Заклучок**

Принципот *non bis in idem* има централно место во казненото право, бидејќи обезбедува конечност на судските постапки и спречува прекумерна интервенција на државната власт врз поединецот.[17] Неговата примена гарантира правна сигурност и ја штити стабилноста на процесните гаранции, а притоа придонесува и за квалитетот на правното владеење во поширока смисла.

Еволуцијата на овој принцип, особено преку судската практика на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата, укажува на тоа дека традиционалните национални рамки се недоволни за справување со современите казненоправни предизвици. Меѓународниот криминалитет, паралелните истраги во повеќе држави и различните процесни модели во Европа наметнуваат потреба од подлабоко усогласување на нормативните решенија и појасно дефинирање на критериумите за единство на казнениот настан.

Во таа насока, неопходно е воспоставување поинтегриран систем што ќе го минимизира ризикот од преклопување надлежности и спротивни одлуки. Тоа подразбира усогласени законодавства, прецизирани стандарди за размена на информации и зајакната институционална координација меѓу државите. Само со такви структурни подобрувања

[16] https://eucrim.eu/articles/limitations-of-the-transnational-ne-bis-in-idem-principle-in-eu-law/.
[17] Камбовски, В. (1998). *Меѓународно казнено право*. Скопје: Култура.

може да се создаде правен простор во кој принципот *non bis in idem* ќе функционира усогласено и ќе обезбедува заштита што соодветствува на реалните услови на современата казненоправна практика.

Со оглед на тоа што казнените постапки сè повеќе ја надминуваат рамката на една држава, потребата од меѓународно усогласен пристап кон овој принцип станува услов за стабилна и доследна правна средина. Неговото понатамошно развивање ќе биде од суштинско значење за зачувување на правата на поединецот и за одржување на довербата во правниот систем во рамките на глобалниот криминалитет и интензивната меѓудржавна соработка.

**Користена литература:**


1. *Устав на Република Северна Македонија*. (1991). „Службен весник на РСМ“ бр. 52/91, 91/01, 107/09, 110/19.

2. Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2016). *Македонско кривично право: Општ дел.*

3. Камбовски, В. (1998). *Меѓународно казнено право*. Скопје: Култура.

4. Камбовски, В. (2005). *Правда и внатрешни работи на Европската Унија.*

5. Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ Димоски, Д. (2015). *Казнено процесно право.*

6. *Закон за кривична постапка*, „Службен весник на РСМ“ бр. 150/2010.

7. Камбовски, В. (2011). *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија.*

8. European Union Agency for Criminal Justice Cooperation. (2024). *Case-law by the Court of Justice of the European Union on the Principle of non bis in idem in Criminal Matters (16 February 2024).*

9. Besong, M. A. (2024). *Exploring the Non Bis in Idem principle: Material scope and application in EU law.* World Journal of Advanced Research and Reviews.

10. Tubić, B., & Radojčić, S. (2022). *Teorijski i praktični aspekti primene načela ne bis in idem u pravu Evropske unije.* Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu.

11. Aroz Conde, S. (2024). *The non bis in idem principle in the Area of Freedom, Security and*

*Justice of the European Union.* Specifically, in the Schengen Area. Revista de Estudios Europeos.

12. Nikolić, V. (2024). *Načelo non bis in idem i odluke javnog tužioca*. Crimen.

13. https://opil.ouplaw.com/display/10.1093/law:epil/9780199231690/law-9780199231690-e66.

14. https://eucrim.eu/articles/limitations-of-the-transnational-ne-bis-in-idem-principle-in-eu-law/.

15. https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD.

16.https://www.coe.int/mk/web/compass/the-international-covenant-on-civil-and-political-rights.

17. https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Fs_non_bis_in_idem_eng.

**Magdalena Ilievska, MA**[18]

# THE *NON BIS IN IDEM* PRINCIPLE AS A KEY POSTULATE OF CRIMINAL LAW – A CONCEPTUAL AND CRITICAL REVIEW

**Abstract**

The principle of *non bis in idem* is a fundamental guarantee in criminal law that prevents repeated prosecution or punishment for the same crime, ensuring legal certainty and the protection of human rights. This paper presents an analysis of its role in national and international legal frameworks, reviewing legal sources and relevant case law. In particular, it highlights the challenges associated with complex and international procedures, as well as the need for harmonization of legislation and effective application of the principle. The paper highlights its significant role as an instrument for fair trials, a stable legal order and the protection of individual rights in the modern criminal justice environment.

**Keywords:** *non bis in idem*, criminal law, double prosecution, legal certainty, legal protection.

---

[18] Master of Laws in the field of criminal law, Faculty of Law "Iustinianus Primus", University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje